20262714907

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

Врз основа на член 62 став (7) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/24, 224/24, 3/25 и 144/25), а во врска со член 3 од Мултилатералната спогодба меѓу Европската заедница и нејзините земји членки, Република Албанија, Босна и Херцеговина, Република Бугарија, Република Хрватска, Република Македонија, Република Исланд, Република Црна Гора, Кралството Норвешка, Романија, Република Србија и Мисијата на Обединетите нации за привремена администрација на Косово за основање на Европската заедничка воздухопловна област ратификувана со Законот за ратификација на Мултилатералната спогодба („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/07, 98/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 259/19), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПОСТАВУВАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ТЕХНИЧКИТЕ СРЕДСТВА, УРЕДИ И ОПРЕМА ЗА ДАВАЊЕ НА ATM/ANS УСЛУГИ

Член 1

Во Правилникот за начинот на поставување, одржување и заштита на техничките средства, уреди и опрема за давање на ATM/ANS услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 263/25), по членот 8 се додава нов член 8-а кој гласи:

„Член 8-а

(1) Давателот на CNS услуги треба да прави редовна проверка од воздух на земските радио навигациски средства согласно ICAO Annex 10 Том I и ICAO Doc. 8071, Прирачник за тестирање на радио навигациски средства (Manual on Testing of Radio Navigation Aids) и тоа:

- ILS Cat I (LOC, GP, Mkr) на секои 180 дена, со тоа што максималното отстапување на интервалот не може да биде подолго од 30 дена;
- VOR на секои 360 дена со тоа што максималното отстапување на интервалот не може да биде подолго од 30 дена;
- DME кое не е дел од ILS на секои 360 дена, или доколку е дел од ILS на секои 180 дена, со тоа што максималното отстапување на интервалот не може да биде подолго од 30 дена и
- NDB на секои 540 дена со тоа што максималното отстапување на интервалот не може да биде подолго од 30 дена.

(2) Давателот на CNS услуги треба да врши земска проверка (ground check) на земските радио навигациски средства согласно периодот пропишан во упатството за нивно одржување изготвено согласно препораките на производителот на средството, кој во секој случај не може да биде подолг од половина од периодот за воздушна проверка за соодветното средство пропишан во став (1) на овој член.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 10-1739/1
17 ноември 2026 година
Скопје

Директор на Агенција
за цивилно воздухопловство,
Драги Стојаноски, с.р.